ИЗЛОЖБИ

# ...МИНИМАЛИЗАМ...

***Во Музејот на современата уметност, Скопје***

Двајцата германски автори со импресивни биографии, Улрих Рикрим и Алф Лехнер, во МСУ се претставени преку скулптури и цртежи. Цртежот и скулптурата стојат еден покрај друг и одразуваат дводимензионалност vs. тродимензионалност. Така најсигурно можат да се согледаат сличностите и разликите меѓу двајцата автори, не само просторни туку и емотивни. Рикрим размислува математички и архитектурално, Лехнер - енергично и импулсивно. Како и да е, и двајцата создаваат монументални минималистички дела.



Подните релјефи на Рикрим, составени од 20 парчиња гранит, разделени и повторно составени, се засноваат врз „монолитната структура на камените блокови“. Преку хоризонталните резови и вертикалните перфорации тој го ограничува просторот, а го разграничува со различните сиво-сини нијанси на гранитот, што на скулптурата ѝ дава сосема нова димензија. Нијансирањето се повторува и во цртежите со туш на транспарентна хартија, кои со своите основни геометриски форми (квадрат, правоаголник) (не)случајно потсетуваат на Малевичевиот супрематизам и конструктивистичките приоди кон просторот. Цртежите со масна креда и јаглен на хартија или графит на пергаментна хартија целосно ја надминуваат функцијата на дообјаснување на скулптурата и функционираат „автономно“.



Ваквата релација цртеж-скулптура се повторува и кај Лехнер (повторно графит на обична или транспарентна хартија). Тој го „дипли“ цртежот и со тоа ја постигнува скулптуралната тродимензионалност во дводимензионален простор, а линијата е ослободена. Седумте коцки во простор (масивни челични блокови со димензии 40 x 40 x 40 см) се механички обработени на различни начини, со што се добива и поинаков изглед на коцката.

Овој начин на претставување - скулптура и цртеж заедно и независно една од друга - ги одразуваат разновидните креативни можности на минимализмот, кој, најверојатно, секогаш ќе остане актуелен.

Маја ЧАНКУЛОВСКА



1292, 16.2.'00